


# *ЕУ ВЕСТИ*




***ЕУ ЦЕНТАР***
***Октомври 2024 година***
***ЕУЦ-број 95/2024***

## ПАКЕТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА




На 31 октомври 2024 година Европската комисија го усвои годишниот пакет за проширување, овозможувајќи детално оценување на земјите кандидати и постигнатиот прогрес на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Грузија, Република Молдавија, Украина и Турција за нивниот пат кон присоединување во ЕУ. Извештаите се составени од препораки и насоки за спроведување на приоритетните реформи.

Претседателката на Европската комисија, Урсула вон дер Лајен, изјави: „Геополитичките тензии ја прават многу привлечна идејата за повторно обединување на нашиот континент, под истите вредности на демократија и владеење на правото. Ние веќе имаме преземено добри чекори во интеграцијата на нови земји членки. Проширувањето ќе остане главен приоритет на новата Комисија''.

Процесот на проширување продолжува да зависи од заслугите и објективниот напредок, постигнат од секој партнер одделно. Демократијата, владеењето на правото и темелните вредности ќе продолжат да бидат камен-темелник во политиката на ЕУ за проширување. Членството на ЕУ останува стратешки избор.

Покрај успешните економски и инвестициски планови, Планот за раст за Западен Балкан со средствата за реформи и раст од 6 милијарди евра и Планот за Украина од 50 милијарди евра ги поттикнуваат реформите поврзани со правдата и владеење на правото.

Со постигнувањето на привремените одредници, во поглавјето за владеење на правото, Црна Гора е на пат кон затворање на поглавјата за понатамошните преговори. Во март 2024 година, Евроскиот совет одлучи да отвори преговори за проширување со Босна и Херцеговина.

Како што процесот на проширување напредува, ЕУ ги презентираше бенефитите за единствен пазар и обезбедување зголемена финансиска асистенција за да се овозможи постепена интеграција на партнерите во ЕУ.

Во однос на земјата Северна Македонија, треба да продолжи со спроведувањето на реформите поврзани со ЕУ. Значаен акцент е ставен на кластерот за темелните вредности, поточно на судството и спречување на организираниот криминал и борбата против корупцијата. Довербата во правосудниот систем мора се зајакне. Скрининг сесиите за сите шест кластери од ЕУ акисот беа завршени во декември 2023 година.

https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Пакет за проширување за 2014 година | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Буџетот на ЕУ за 2025 година | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Министерски форум ЕУ - Западен Балкан | 6 |
| Парламентарни избори во Литванија | 6 |
| Закон за сајбер-безбедност на ЕУ | 7 |
| Закон на ЕУ за трансфер на кривични постапки | 7 |
| Финансирање еколошки проекти во Европа | 8 |
| Приклучи се на Еразмус + денови | 8 |
| Нова монетарна алатка - дигитално евро | 9 |
| Наградa „Сахаров" на Европскиот парламент | 9 |
| Извештај за состојбата на шумите во ЕУ | 10 |
| Царини за увоз на електрични автомобили од Кина во ЕУ | 10 |
| Зголемен јавниот долг на Еврозоната | 11 |
| Донесени закони во Собранието—НПАА | 11 |
| ЕУ календар / ноември 2024 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија од 7 до 10 октомври 2024 година***

На отворањето на октомвриската пленарна сесија од 7 до 10 октомври годинава, со едноминутно молчење европратениците ја одбележаа годишнината од терористичките напади во Израел.

Европратениците одобрија преку една милијарда евра помош од Фондот за солидарност на ЕУ за поддршка на напорите за обновување во пет земји на ЕУ поради големите поплави кои се случија во 2023 година. Помошта од 1.028.541.689 евра од Фондот за солидарност на Европската Унија (EUSF) ќе биде распределена на следниов начин: 378,8 милиони евра за регионот Емилија-Ромања и дополнителни 67,8 милиони евра за регионот Тоскана во Италија; 428,4 милиони евра за Словенија и 5,2 милиони евра за Австрија за справување со штетите од поплавите во 2023 година; 5 милиони евра за Грција и 46,7 милиони евра за Франција. Пакетот помош беше одобрен со 632 гласа.

Во усвоената резолуција со 508 гласа европратениците ги осудија активностите на мешање и хибридни операции на Русија пред претседателските избори уставниот референдум за интеграција во ЕУ во Молдавија. Тие ја повикаа ЕУ и земјите членки да обезбедат потребна помош за Молдавија во зајакнување на институционалните механизми и способност да одговори на хибридните закани.

Во усвоената резолуција европратениците истакнаа дека актуелното демократско назадување во Грузија ефективно ја става во мирување интеграцијата на земјата во ЕУ.

Во дебатата со премиерот на Унгарија, Виктор Орбан, европратениците дебатираа за приоритетите на унгарското претседателство со Советот, кое започна на 1 јули годинава. Во својот говор пред европратениците Орбан истакна дека унгарското претседателство има за цел да биде глас и катализатор за промени. Според него ситуацијата во ЕУ е многу посериозна отколку во 2011 година, за време на првото унгарско претседателство со ЕУ, наведувајќи ја војната во Украина, ескалацијата на конфликтите на Блискиот Исток и Африка, миграцијата, ризиците за Шенген зоната и Европа, губење на својата глобална конкурентност.

Европскиот парламент усвои три резолуции за прашањата за човековите права во Турција, Кина и во Ирак.

***Пленарна сесија 21 - 24 октомври 2024 година***

Европскиот парламент силно го осуди секое мешање во претседателските избори во Молдавија и уставниот референдум за интеграција во ЕУ.
На 16 октомври се навршија седум години од бруталниот атентат на Дафне Каруана Галиција, истражувачка новинарка од Малта, која разоткри корупција и организиран криминал. За да го одржи нејзиниот спомен жив, Европскиот парламент беше домаќин на церемонијата на доделување на четвртото издание на наградата „Дафне Каруана Галиција“ за извонредно новинарство во чест на храброста на сите оние кои продолжуваат да го носат нејзиното наследство напред.

Европратениците го отворија патот за подобрување на управувањето со европскиот воздушен простор, овозможувајќи повеќе директни летови и помалку одложувања и поддршка на климатската неутралност.

Реформата на правилата за единствено европско небо, веќе договорена во преговорите со Советот во март годинава, ги зајакнува националните планови за перформанси за услугите за воздушна навигација и ќе помогне да се подобри управувањето со воздушниот простор на ЕУ. Овие планови ќе имаат обврзувачки цели и стимулации за поефикасни и еколошки летови. Ќе биде формиран независен

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



советодавен одбор за ревизија на перформансите, кој ќе ѝ помогне на Комисијата и на земјите членки на ЕУ во донесувањето одлуки за спроведување на овие планови.

Европратениците го одобрија барањето на Белгија за 2,7 милиони евра од Европскиот фонд за приспособување на глобализацијата за расελените работници (ЕГФ). Помошта ќе поддржи 365 поранешни вработени во Match-Smatch, отпуштени по долготрајните финансиски тешкотии на компанијата.

Со 518 гласа европратениците одобрија нова макрофинансиска помош (MFA) за помош на Украина. Овој заем е дел на ЕУ од пакетот Г7 договорен во јуни годинава, за обезбедување финансиска поддршка од 50 милијарди американски долари (околу 45 милијарди евра) за Украина. Конечниот износ со кој ЕУ ќе придонесе би можел да биде помал, во зависност од големината на заемите што ги даваат другите партнери од Г7.

Европратениците го определија вкупното ниво на резервирани средства за нацрт-буџетот за 2025 година на речиси 201 милијарда евра, 1,24 милијарди евра повеќе од предлогот на Комисијата од минатиот јуни. Парламентот сака да ги зајакне програмите од витално значење за справување со здравствените предизвици, поддршка на младите луѓе, земјоделството и руралните области, помагање на луѓето кои страдаат од природни катастрофи, зајакнување на климатските активности, управување со миграциските и безбедносните потреби и зајакнување на поддршката на ЕУ за соседните региони кои се соочуваат со геополитички и хуманитарни кризи.

Во резолуцијата усвоена со 432 гласа европратениците ги осудуваат неоправданите воени вежби на Кина од 14 октомври и континуираните воени провокации против Тајван, нагласувајќи дека засилувањето на војската го менува балансот на моќ во Индо-Пацификот.

Во усвоената резолуција европратениците силно ја осудија долгогодишната домашна и вонтериторијална репресија на азербејџанскиот режим врз активисти, новинари, опозициски лидери и други, вклучително и државјани на ЕУ.

## БУЏЕТОТ НА ЕУ ЗА 2025 ГОДИНА

Европратениците на октомвриската пленарната сесија на Европскиот парламент на 23 октомври 2024 година изгласаа став за преговори за буџетот за 2025 година, со кој бараат две милијарди евра повеќе од предлогот на Советот на ЕУ.

Европратениците бараат 201 милијарда евра во обврски и 153,5 милијарди во исплати. Европската комисија предложи буџет од 199,7 милијарди во обврски и 152,7 милијарди во плаќања. Советот на ЕУ, кој ги претставува земјите членки, предлага буџет од 191,53 милијарди евра за обврски и 146,21 милијарди евра за плаќања.

Во септември, Советот гласаше за преговарачка позиција во која предлага 1,52 милијарди евра помалку од предлогот на Комисијата, вклучувајќи помалку пари за истражувачката програма Обзор, за програмата за размена на студенти Еразмус плус, за Агенцијата за европска граница и крајбрежна стража, Фронтекс.

Откако двете законодавни институции ќе ги изнесат првичните ставови за годишниот буџет, може да започнат преговори, кои траат до 18 ноември на полноќ. Вообичаено е земјите членки да сакаат што е можно помал буџет, а парламентарците секогаш бараат повеќе.

Доколку Советот и Парламентот во т.н. Комисија за помирување не успееат да постигат договор, Комисијата мора да поднесе нов предлог-буџет. Доколку не се постигне договор до почетокот на финансиската година, се воведува систем на преодни дванаесетина додека не се постигне договор. Во овој случај, одреден износ, кој не смее да надмине една дванаесетина од одобрените буџетски средства за претходната финансиска година, може да се троши секој месец за кое било поглавје од буџетот.

Буџетот за 2025 година е првиот годишен буџет од кој ќе се плаќа камата за враќање на долгот што ја финансира реконструкцијата и закрепнувањето од пандемијата. Трошоците за сервисирање на долгот се очекува следната година да бидат повисоки за 2,6 милијарди евра во споредба со првичните проценки.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА





Во рамките на 149. Собрание на ИПУ, што се одржа од 13 до 17 октомври 2024 година во Женева, Швајцарска Конфедерација, претседателот на Собранието и шеф на Делегацијата во Интерпарламентарната унија (ИПУ), Африм Гаши, оствари средба со потпретседателот на Европскиот парламент (ЕП), Николае Штефануца. Во фокусот на средбата беше соработката меѓу двата парламента и актуелните предизвици во процесот на евроинтеграција на нашата земја. Гаши оствари средби и со претседателката на Бундестагот на Сојузна Република Германија, Бербел Бас, Ана Лирман, државна министерка за Европа и клима во Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, Тулиа Ексон, претседателката на ИПУ, Елиса Спиропали, претседателка на Собранието на Република Албанија, Нуман Куртулмуш, претседател на Големото Национално Собрание на Турција и Снежана Пауновиќ, потпретседателка на Собранието на Република Србија. На средбите беше потенцирано значењето за реафирмирање на основните вредности на ИПУ и зајакнувањето на меѓупарламентарната соработка. Во германскиот Бундестаг Гаши се сретна со г. Михаел Рот, претседател на Комисијата за надворешна политика, г. Антон Хофрајтер, претседател на Комисијата за европски прашања и со г. Дирк Вупел, претседател на Групата за пријателство со земјите од Југоисточна Европа.

www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието, Африм Гаши, во придружба на пратениците: Бејџан Иљас, претседател на пратеничката група за соработка со парламентот на Република Турција, Никола Мицевски, Оливер Спасовски, Мерита Колчи Коџаџуку и Беким Сали, од 2 до 5 октомври 2024 година претстојуваше во официјална посета на Република Турција, на покана од Нуман Куртулмуш, претседател на Големото национално собрание на Турција. Во рамките на посетата Гаши оствари средба со претседателот на Република Турција, Реџеп Тајип Ердоган, на која присуствуваше и претседателот на Големото национално собрание на Турција, Нуман Куртулшуш, како и претседателите на парламентарните групи за соработка и пријателство од двете собранија, пратениците Бејџан Илјаз и Ахмет Килич. Гаши оствари tête-à-tête средба со министерот за надворешни работи Хакан Фидан, по што се одржа и заедничка средба со пратениците членови на Делегацијата.






Генералната секретарка на Собранието, Марина Димовска, од 13 до 17 октомври 2024 година, во Женева, Швајцарска Конфедерација, учествуваше на Заседанието на Здружението на генералните секретари на парламентите (ЗГСП), што се одржува во рамките на 149. Собрание на Интерпарламентарната унија. Во рамките на Заседанието на ЗГСП, генералната секретарка Димовска оствари средби со генералните секретари на парламентите на Шведска, Австрија, Унгарија, Бенин и Турција, на кои беше потенцирано значењето на парламентарната соработка и можностите за продлабочување на истата во иднина. Димовска оствари поздравна средба и со претседателката на ИПУ, Тулиа Ексон.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Делегација на Собранието предводена од потпретседателот и претседател на Комисијата за европски прашања, Антонијо Милошоски и членовите Рашела Мизрахи, Митко Трајчулески и Дијана Тоска, учествуваше на Самитот за парламентарна димензија на Берлинскиот процес, кој се одржа на  9 октомври 2024 година во Берлин, Германија. Целта на овој самит беше зајакнување на парламентарниот дијалог и регионалната соработка во рамките на Берлинскиот процес, со главен акцент на клучни теми, како: Зелена агенда, зелена транзиција за Западен Балкан, проширување и реформа на ЕУ, иднината на регионалната соработка и поврзаноста во Западен Балкан. Во рамки на сесијата посветена на Заедничкиот регионален пазар, Милошоски истакна дека регионалната економска интеграција претставува еден од главните приоритети за земјите од Западен Балкан, особено во контекст на евроинтеграциите. За време на конференцијата делегацијата на Собранието оствари значајни средби со претставници од комисиите за европски прашања на парламентите од Западен Балкан и земјите членки на ЕУ.







Делегација од Комисијата за европски прашања во состав: Игор Здравковски, шеф на Делегацијата и заменик-претседател на Комисијата, членовите на Комисијата: Миле Лефков и Илир Хасани, учествуваа на пленарната седница на Конферецијата на парламентарните комисии за европски прашања на земјите членки на ЕУ (КОСАК), што се одржа на 29 октомври годинава во Будимпешта, Унгарија. Пратениците ја истакнаа улогата на националните парламенти како темел на демократскиот и институционален систем на ЕУ, кои играат клучна улога во политиката на проширување на Унијата. Во дискусијата беше истакнато дека внатрешните реформи на ЕУ не смеат да се спротивстават и да ја забавуваат политиката на проширување, која се покажа како една од најуспешните политики на Унијата.

На 1 октомври 2024 година Делегацијата на Собранието во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ), учествуваше на Есенската сесија на Парламентарното собрание на ЦЕИ, што се одржа во Тирана, Албанија. Македонската делегација ја предводеше пратеничката Рина Ајдари, придружувана од пратеничките Рашела Мизрахи и Калтрина Беќири, членови на делегацијата. Ајдари во своето обраќање нагласи дека заедничка цел е пристапување кон Европската Унија, но пред сè спроведување сериозен реформски процес во сите области, кои ќе овозможат професионални, ефикасни, отчетни и одговорни институции кои ќе работат во интерес на граѓаните.



## МИНИСТЕРСКИ ФОРУМ ЕУ-ЗАПАДЕН БАЛКАН




На Министерскиот форум ЕУ-Западен Балкан, кој се одржа на 28 и 29 октомври 2024 година во Будва, Црна Гора, Европската Унија и земјите од Западен Балкан ја реафирмираа силната регионална посветеност и блиската соработка во областа на правдата и внатрешните работи.
На Министерскиот форум ЕУ-Западен Балкан за правда и внатрешни работи присуствуваа и еврокомесарите за внатрешни работи и за правда, Илва Јохансон и Дидие Рејндерс и претставници на Европската служба за надворешни работи (ЕЕАС), на агенциите на ЕУ и на Полска и Данска, како следни претседавачи со Унијата во 2025 година.
Во фокусот на средбата беа борбата против транснационалниот организиран криминал и недозволената трговија, справувањето со илегалната миграцијата, контролата на границите, за дигитализацијата во секторот правда и за прекугранична судска соработка во кривичните постапки.
Европската Унија и земјите од регионот го поздравија напредокот постигнат во имплементацијата на Акцискиот план за миграција и азил за Западен Балкан и ја реафирмираа нивната заедничка посветеност за справување со илегалната миграција, со цел да се зајакне заштитата на границите и да се засили борбата против криумчарењето мигранти.
Европската Унија ги повика партнерите од Западен Балкан да ги засилат напорите во спроведувањето на реформите и во зајакнувањето на прекуграничната соработка во кривичната правда, особено со користење на сите можности за соработка со агенциите и телата за правосудство и внатрешни работи (Евроџастис, Европол и Канцеларијата на европското јавно обвинителство).

https://www.consilium.europa.eu
https://hungarian-presidency.consilium.europa.eu

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ЛИТВАНИЈА



На 13 октомври 2024 година се одржа првиот круг на парламентарните избори во Литванија, каде над 2 милиони жители имаа можност да изберат народни претставници во парламентот. Во литванскиот законодавен дом – Сеимас, мандат од 4 години ќе добијат 141 пратеници од вкупно 2400 номинирани политички кандидати. Во првиот круг беа избрани 71 пратеник во повеќемандатни изборни единици, според пропорционалниот модел, од кои најдобар резултат имаше опозицијата, социјалдемократите, со околу 24,1% освоени гласови од вкупниот број гласачи. На второ место се наоѓа конзервативната партија Татковина на премиерката Ингрид Шимонита со околу 16% освоени гласови. Вториот круг, според мнозинскиот изборен модел, се одржа на 27 октомври на кој социјалистите извојуваа убедлива победа со најмногу освоени гласови. Тие имаат 52 пратенички места, но за мнозинство во Сеимасот и да формираат влада е потребно Социјалдемократската партија да формира коалиција со други партии. Тука спаѓаат Татковинската партија - 28 пратенички места, десничарската Немунас - 20, Демократи за Литванија - 14, Либерално движење - 12, Партијата на фармерите и зелените - 8 и останатите - 7. Социјалдемократската партија одби да соработува и да формира сојуз со партијата на Жемаитаитис, која претходната година беше отфрлена од евроскептичната партија Слобода и правда поради антисемитски тенденции. Кај резултатите на десничарската партијата Татковина имаше драстична промена. Истите освоија мнозинство гласови на претходните избори во 2020 година. Аналитичарите сметаат дека промените кон лево во владејачките структури нема да предизвикаат некои значајни промени во надворешната политика.

https://www.lrt.lt/ https://www.euronews.com/

## ЗАКОН ЗА САЈБЕР-БЕЗБЕДНОСТ НА ЕУ




Повеќето земји членки на ЕУ ќе го пропуштат рокот за имплементација, кој истече на 17 октомври 2024 година, за спроведување на правилата за заштита на критичните субјекти од сајбернапади.
Критичните сектори се загрижени поради недостиг на јасност и подготвеност за правилата за сајбер безбедност во повеќето земји членки на ЕУ.
Европската комисија добила потврди само од Белгија и од Хрватска за транспонирање на Директивата за мрежна и информациска безбедност (NIS2). Портпаролот на Комисијата на 16 октомври годинава истакна дека Италија и Литванија делумно ги имплементирале правилата.
Земјите како Германија, Холандија, Шведска и Чешка имаат нацрт-закони во фаза на чекање, додека Ирска, Грција и Шпанија во процесот и понатаму заостануваат.
Правилата беа одобрени уште во 2022 година, со цел да се заштитат критичните субјекти, како што се енергијата, транспортот, банкарството, водата и дигиталната инфраструктура,од големи сајбер инциденти. Комисијата ќе го укине NIS1 кој, според неа, не успеа да ја подобри сајбер отпорноста на бизнисите кои работат во ЕУ и не промовираше заеднички одговор на кризи.
NIS2 воведува нова временска рамка за пријавување инциденти - со предупредување што треба да се даде во рок од 24 часа и извештај за инцидент доставен во рок од 72 часа, секогаш кога компанијата се соочува со сериозно оперативно нарушување.

https://www.euronews.com

## ЗАКОН НА ЕУ ЗА ТРАНСФЕР НА КРИВИЧНИ ПОСТАПКИ



Советот на ЕУ на 5 ноември 2024 година во последна фаза го одобри законот со кој се регулираат условите под кои постапките за кривични дела покренати во една земја на Унијата може да бидат префрлени во друга земја членка.
Одредбите од законот треба да обезбедат подобро почитување на основните права на осомничените или обвинетите во еден процес при пренесувањето на кривичната постапка од една во друга земја.
Целта на законот е да се обезбеди поефикасна борба против прекуграничниот криминал, дека една кривична постапка ќе биде водена во земја која е најсоодветна за тоа, како и дека ќе се избегнат непотребни паралелни постапки против ист осомничен во различни членки на ЕУ.
За да може земја членка на ЕУ да побара преземање на една постапка, потребно е кривичното дело за кое таа се однесува да е извршено на нејзина територија или ако едно или повеќемина од осомничените или обвинети лица престојуваат во неа.
Законската регулатива треба да биде објавена во „Службен весник на ЕУ“ и ќе стапи во сила 12. ден од нејзиното објавување. Рокот за целосна имплементација на Регулативата е две години по усвојувањето.

https://www.consilium.europa.eu

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ ПРОЕКТИ ВО ЕВРОПА




Европската комисијата на 21 октомври годинава одлучи да додели повеќе од 380 милиони евра за реализација на 133 нови проекти во Европа во рамки на Програмата за активности поврзани со животната средина и климата „Лајф“, меѓу кои и за обезбедување енергетска ефикасност на постојните станбени објекти во земјава.
Доделените средства се повеќе од половина од вкупните инвестициски потреби за реализација на проектите, кои изнесуваат 574 милиони евра. Преостанатите средства ќе бидат обезбедени од национални, регионални или локални власти, преку јавно - приватни партнерства, како и бизнисите и граѓанските организации. Преку програмата „Лајф“ треба да се остварат голем број на цели од Европскиот зелен договор поврзани со климата, енергијата и животната средина, вклучително и целта на ЕУ да стане климатски неутрална до 2050 година и да ја запре загубата на биолошкиот диверзитет до 2030 година.
Со оваа одлука ЕУ ќе обезбеди 74 милиони евра од вкупно потребните 143 милиони евра за проекти за поттикнување на циркуларната економија и подобрување на квалитетот на животот преку намалување на употребата на вода, на отпадот од индустријата и домаќинствата, на загадувањето на воздухот и на бучавата, како и за поттикнување на рециклирањето.
Во рамки на програмата „Лајф“, воведена во 1992 година, досега се поддржани над 6000 еколошки и климатски проекти во ЕУ и партнерските земји. За буџетскиот период 2021 – 2027 година за оваа програма беа наменети 5,43 милијарди евра, што претставува зголемување за 60% во споредба со средствата одвоени во претходните седум години.

https://ec.europa.eu/commission

## ПРИКЛУЧИ СЕ НА ЕРАЗМУС + ДЕНОВИ




Од 14 до 19 октомври 2024 година се одржаа настани на кои беа поканети сите учесници во Еразмус+ програмата за да организираат виртуелни настани или настани со физичко присуство, со цел да се споделат искуствата од нивното учество. Овие настани беа одржани во повеќе држави во Европа, вклучувајќи ја и Северна Македонија, и пошироко. Настаните беа организирани во различни форми, почнувајќи од семинари на кои беа споделени најдобрите практики, мултилингвистички сесии за подобрување на ораторските вештини, изложби на слики, со цел да се прикаже мобилноста при различни активности, конференции за да се промовираат интеркултурните можности и предизвици со социјални медиуми за да се поттикне креативноста кај младите. Оваа година младите, понесени од духот на Олимписките игри, многу повеќе беа посветени на спортските активности и понесени од глобалното натпреварување кое ги обединува младите.

https://www.erasmusdays.eu/

## НОВА МОНЕТАРНА АЛАТКА – ДИГИТАЛНО ЕВРО




Контролата на новата монетарна алатка „дигитално евро“ ги подели мислењата на Европската централна банка (ЕЦБ) и одредени земји - членки на ЕУ. Двете страни стравуваат дека може да го дестабилизира банкарскиот систем на континентот доколку погрешно се управува.

Неколку земји-членки на ЕУ, меѓу кои и Франција и Германија, истакнаа дека ЕЦБ добива преголема контрола околу тоа колкава сума на дигитални валути ќе можат граѓаните да држат во е-паричниците.

Постојат стравувања дека ако лимитот биде поставен премногу високо, граѓаните би можеле да повлечат огромни суми од банките во услови на криза, со што би ја загрозиле стабилноста на целиот банкарски систем. Дополнителна загриженост е дека секое ограничување може да ја наруши личната финансиска слобода на граѓаните.

Дигиталното евро го наметна прашањето каде завршуваат ингеренциите на Централната банка на ЕУ, а каде започнуваат надлежностите на земјите членки на ЕУ.

ЕЦБ како единствен орган во ЕУ на кој му е дозволено да ја приспособува понудата на пари, инсистира дека таа треба да одлучува колкаво количество дигитална валута ќе можат да држат граѓаните во своите е -паричници.

Согласно со Договорот на Европската Унија, ЕЦБ има големи правни привилегии за регулирање на паричната маса во блокот, но само во однос на банкарскиот надзор и плаќањата. Советот на ЕУ и Европскиот парламент имаат надлежност да ги „утврдат неопходните мерки за користење на еврото како единствена валута“, а притоа „да не ги нарушат овластувањата на Европската централна банка“.

https://www.politico.eu

## НАГРАДА САХАРОВ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ




Лидерката на демократските сили во Венецуела, Марија Корина Мачадо и новоизбраниот венецуелски претседател, Едмундо Гонзалес Урутија, се добитници на Наградата за слобода на мислата „Сахаров“ за 2024 година, којашто ја доделува Европскиот парламент.

Претседателката на Европскиот парламент, Роберта Мецола, при прогласувањето на лауреатите истакна дека Мачадо и Урутија ги претставуваат сите Венецуелци, во и надвор од земјата, кои се борат за „враќање на слободата и демократијата пред лицето на неправдата“.

Европскиот парламент го поддржува народот на Венецуела, Мачадо и Урутија во нивната борба за демократската иднина на земјата.

„Оваа награда е за сите нив. Убедени сме дека демократијата на крајот ќе надвладеа во Венецуела“, истакна Мецола.

Мачадо беше избрана за претседателски кандидат на венецуелската опозициска коалиција Демократска платформа за единство за изборите во јули 2023 година, но беше дисквалификувана од изборната трка. Урутија ја наследи Мачадо како кандидат на Демократска платформа за единство и, според опозицијата, победи на претседателските избори. Во конкуренција за наградата „Сахаров“ беа и палестинските движења Жените остваруваат мир и Жени на Сонцето, како и активистот за борба против корупцијата во Азербејџан, д-р Губад Ибадоглу.

Церемонијата на доделување на наградата „Сахаров“ ќе се одржи на 18 декември во Стразбур, за време на пленарната седница на Европарламентот.

https://www.europarl.europa.eu/news

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА СО ШУМИТЕ ВО ЕУ



Во својот извештај „Состојбата на светските шуми 2024: Иновации во шумскиот сектор кон поодржлива иднина“, Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) ФАО истражува начини за зголемување на зачувувањето, обновувањето и одржливото користење на шумите преку иновации.
Со Европскиот зелен договор ЕУ се обврза дека ќе засади три милијарди дополнителни дрвја низ нејзината територија и дека Европа ќе стане првиот климатски неутрален континент во својата Стратегија за биолошка разновидност за 2030 година.
Според веб-страницата MapMyTree, онлајн алатка на Европската агенција за животна средина, досега се засадени само 22,6 милиони дрвја, а во која се истакнуваат Белгија, Ирска, Чешка, Шпанија и Франција.
Студијата, која е објавена во Nature, анализирала повеќе од една деценија сателитски податоци за настани од шумски пожари од 2003 до 2016 година во северните умерени и бореални шуми. Овој специјален извештај внимателно ја разгледува повеќеслојната динамика на политиката со која се соочува европскиот шумски сектор.

https://www.euractiv.com

## ЦАРИНИ ЗА УВОЗ НА ЕЛЕКТРИЧНИ АВТОМОБИЛИ ОД КИНА ВО ЕУ




Европската комисија на 29 октомври 2024 година со усвоената регулатива воведе дополнителни царини за електричните автомобили увезени од Кина. На данокот од 10%, кој веќе е во сила, се додава до 35,3% на возилата на батерии од кинеско производство. Одлуката треба да биде објавена во „Службениот весник на ЕУ“.
Наведената цел е повторно воспоставување фер услови за конкуренција со производителите обвинети дека имаат корист од големите јавни субвенции од кинеската држава. Ова вклучува одбрана на европската автомобилска индустрија и нејзините околу 14 милиони работни места од кинеските практики кои се сметаат за нефер.
Пекинг ги осуди „неправедните и неразумни протекционистички практики“ откако земјите од ЕУ одобрија дополнителни царини предложени од Европската комисија на почетокот на октомври.
Европскиот комесар за трговија, Валдис Домбровскис, до последен момент преговараше со кинескиот министер за трговија, Ванг Вентао, за да се обиде да најде решение.
Двете страни се согласија да ги продолжат разговорите и доплатите може да бидат отстранети доколку се постигне договор за други средства за компензација за штетата утврдена со европската истрага.

https://www.euractiv.com

## ЗГОЛЕМЕН ЈАВНИОТ ДОЛГ НА ЕВРОЗОНАТА

На крајот на вториот квартал од 2024 година, јавниот долг на земјите од еврозоната се зголеми од 87,8% во првиот квартал на 88,1% од БДП, објави Евростат.
Во Европската Унија јавниот долг на крајот на вториот квартал од 2024 година изнесува 81,5% од БДП, што претставува зголемување од 0,2 процентни поени во однос на претходниот квартал.
Најзадолжена земја на Европската Унија во наведениот период е Грција со долг од 163,6% од БДП, потоа Италија со долг од 137% од БДП, како и Франција со долг од 112,1% од БДП.
За разлика од нив најмалку задолжена земја во еврозоната е Бугарија со долг од 22,1% од БДП, потоа Естонија со 23,8% од БДП и Луксембург со 25,7% од БДП.
Податоците за задолженоста на еврозоната и Европската Унија на крајот на третиот квартал од 2024 година ќе бидат објавени на 22 јануари 2025 година, се истакнува во соопштението.

https://ec.europa.eu/eurostat/



## ДОНЕСЕН ЗАКОН ВО ОКТОМВРИ

1. *Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, по скратена постапка

***ЕУ КАЛЕНДАР / ноември 2024***

1. *Состанок на Советот за надворешни работи, 18/11/2024, Брисел;*
2. *Состанок на Советот за општи работи, 19/11/2024, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 13-14 и 25-28/11/2024, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




